Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35- та седница, одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1723/1 од 09.04.2026 година, оформен по препратена пријава од страна на --------------- ---------------------- со наводи за сомневање за неправилности во врска со користење на јавни средства поврзани со нереализирана претстава во Националната установа – ----------- -- ------ - ------------- ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што не се потврдуваат пријавените наводи.

Предметот со број 12-1723/1 од 09.04.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на --------------- ----------------------, на ден 09.04.2026 година, препратена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во врска со користење на јавни средства поврзани со нереализирана претстава во Националната установа – ----------- -- ------ - ------------- ----------, и оформен е предмет број 12-1723/1 од 09.04.2026 година.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Националната установа –– ----------- -- ------ - ------------- ---------- произнесување со прилог документација во однос на планирани и изведени претстави за 2025 година, обезбедени финансиски средства во буџетот на Националната установа –– ----------- -- ------ - ------------- ---------- како и тоа дали постои некоја претстава што не била изведена премиерно во 2025 година, и ако постои да се наведе за која претстава станува збор, причините поради која што не е емитувана како и дали истата била најавена за 2026 година со соодветно образложение за наведените отстапувања.

Националната установа –– ---------- -- ------ - ------------- ---------- достави известување во однос на планирани и реализирани претстави во 2025 година. Наведено е дека за планираната претстава со наслов „----------- -- ----------- ---“ по претходно поднесена писмена изјава на режисерот за откажување на проектот а пододоцна по дополнително поднесено барање од страна на НУ – ----------- -- ------ - ------------- ---------- до Министерството за култура и туризам, проектот бил заменет со претставата со наслов „-------------- -------“ кое што било регулирано со Анекс Договор со број -- - -------/- од --.--.------ година склучен со Министерството за култура и туризам.

Во однос за предвидената претстава „Садако сака да живее“ се известува дека станува збор за проект одобрен и финансиран во рамки на Годишната програма за работа за 2025 година. Реализацијата на овој проект започнала кон крајот на 2025 година а дел од активностите и дел од одобрените средства биле реализирани исто така во 2025 година. За овој проект се укажува дека не бил целосно завршен до крајот на 2025 година и врз основа на претходно поднесено барање со арх. Број. -- - ---/1 од --.--.----- година од страна на НУ Т– ---------- -- ------ - ------------- ----------- до Министерството за култура и туризам бил склучен Анекс договор со арх број -- - -----/-- од --.--.----- година со што било овозможено комплетно завршување на проектот во 2026 година, и истата била премиерно изведена на ден 13.03.2026 година. За предметната претстава не биле одобрени ниту користени нови финансиски средства и истата е довршена исклучиво со средствата одобрени од 2025 година согласно Анекс договорот склучен со Минисерството за култура и туризам со што средствата биле искористени комплетно наменски за потребите на проектот за што постои целосна финансиска документација, односно финансиски извештај доставен од страна на НУ – ---------- -- ------ - ------------- ---------- и прифатен од Минисерството за култура и туризам. Врз основа на изнесеното се укажува дека не станува збор за двојно финансирање ниту неправилно прикажување на рализација на проект финансиран од Министерството за култура и туризам на РСМ.

Во прилог на известувањето доставена е и копија на Решението на Минисерството за култура и туризам со број -- - ---/-------- од --.--.--------- година за финансирање на годишната програма за работа на НУ – ---------- -- ------ - ------------- ---------- за 2025 година, по однос на кое што согласно член 70 а од Законот за култура и туризам со директорот на НУ – ---------- -- ------ - ------------- ----------- се склучува договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за неправилности во врска со користење на јавни средства поврзани со нереализирана претстава во Националната установа –– ---------- -- ------ - ------------- ---------- не се потврдуваат, поради што

согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Доставено до:
- Подносителот на пријавата